
Nimbus 4 & Nimbus Professional

CE 2797


Монтирање на душекот и пумпата

1




Поставете го душекот на основата на креветот, а комплетот црева и CPR кај делот за стапалата. Користете ленти за прицврстување за да го закачите душекот на подвижните делови од рамката на креветот.

2




Закопчете ја заштитната навлака над душекот со логото Arjo да биде видливо и лоцирано кај делот за стапалата.

3




Погрижете се СИТЕ вентили за вентилација да бидат затворени.

4




Погрижете се контролата на транспортот да биде поставена на Нормално и CPR-контролата да биде затворена и блокирана.

5




Закачете ја преградата на креветот на рамката на креветот или поставете ја пумпата под креветот.

6



Поврзете го комплетот црева со пумпата и душекот.


7



Поврзете го кабелот за напојување со пумпата и со штекерот за напојување со електрична енергија.

8

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Кабелот за напојување и комплетот црева мора да бидат поставени така за да се избегне опасност од препнување и да бидат настрана од подвижните механизми на креветот или другите површини на потфаќање.



Движете го кабелот за напојување со електрична енергија по должината на страната на душекот, прицврстувајќи го крилцето околу кабелот со помош на копчињата за притискање.


Надување на душекот

1

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
CPR-контролата мора да биде видлива и пристапна во секое време.


- CPR-контролата е затворена и во блокирана положба.
- Контролата на транспортот е поставена на Нормално.
- Сите вентили за вентилација се затворени.

2



Притиснете го копчето Работи/Во мирување. Почекајте додека не се надува целосно душекот.

3




Откако ќе се исклучат индикаторите за Чекање и Низок притисок, поставете го пациентот на душекот во позиција со легнување на грб (со лицето нагоре). Стандардната поставка е во Динамичен режим (наизменичен притисок).

arjo
with people in mind


Активирање на CPR

1




Подигнете ја црвената рачка на контролната табла кај делот за стапалата на душекот.

2



Свртете ја рачката налево.

3



Извлечете ја рачката настрана од панелот.
Сивата триаголна заптивка ротира и воздухот се издишува од душекот.

Ресетирање на CPR

1

Свртете ја сивата триаголна заптивка надесно и притиснете врз конекторите.

2



Свртете ја црвената рачка надесно.


3



Преклопете ја рачката рамно за да се заклучи во место.

Поставување на режим на транспорт

1




Поставете ја Контролата на транспорт на Транспорт.

2



Исклучете ја пумпата.


3



Исклучете го комплетот црева.
Душекот го поддржува пациентот во траење до 12 часа.


Продолжување со нормално работење

1



Повторно поврзете го комплетот црева.

2



Свртете ја контролата на транспортот на Нормално.

3



Вклучете ја пумпата.

Чистење и дезинфекција

Чистете и дезинфицирајте меѓу секој пациент и во редовни интервали при употреба.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Пред чистење, извадете го снабдувањето со електрична енергија во пумпата со исклучување на кабелот за напојување со електрична енергија од штекерот за напојување со струја.

Секогаш треба да се носи заштитна облека кога се врши деконтаминација.

Чистење

1. Исчистете ги сите изложени површини и отстранете ги сите остатоци со бришење со крпа навлажнета со неутрален детергент и вода.
2. Исушете темелно. Не дозволувајте вода или раствори за чистење да се собираат на површината на пумпата.

Хемиска дезинфекција

Користете агенс којшто ослободува хлор, како на пример, натриум хипохлорит, со јачина од 1000 ppm на достапен хлор (од 250 ppm до 10 000 ppm во зависност од локалната политика и статусот на контаминација).

Средствата за дезинфекција што се базирани на алкохол (јачина 70%) може да се користат како алтернатива.

Ако изберете алтернативно средство за дезинфекција, пред употреба проверете ја соодветноста за употреба со добавувачот на хемикалијата.

1. Избришете ги сите исчистени површини со растворот.
2. Избришете го со крпа натопена со вода.
3. Исушете темелно.

Термална дезинфекција

За перење на горната облога на душекот видете го упатството за употреба на душекот.

ArjoHuntleigh AB
Hans Michelsensgatan 10
211 20 Malmö, Sweden
www.arjo.com

arjo
with people in mind